Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019). член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по пријава на познат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 51-та седница, одржано на ден 01.09.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 1603/1 од 16.04.2021 година, доставена од страна на подносителот -------------------------- од ---------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот со број 12-1603 од 2021 година и предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1603 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1603 од 2021 година е оформен по пријава бр. 12 - 1603/1 од 16.04.2021 година година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од познати подносители - -------- ----------------- од ---------и -------- ----------------- од ---------.

Во доставената пријава се известува за незадоволство од постапување на повеќе институции во РСМ по однос на оставинска постапка покрената од страна на поднистелите во 2016 година по која незаконски постапувале судии од Основниот и Апелациониот суд, а во која тие биле застапувани од адвокат.

Во случајот се известува за едно правно патешествие кое траело од првата половина на 2016 година низ повеќе надлежни правни институции во државата и за кое, за жал, се уште, немало правна разрешница. Причина за ваквата ситуација, според убедување на подносителите, кое било силно поткрепено и од повеќемина професионалци од областа на правото (адвокати, нотари, судии во повеќе судски истанци, како и професори од правната сфера), чии мислења, без исклучок, биле дека станувало збор за грубо кршење на законски регулативи со посериозни направени кривични дела.

Станува збор за Претставка во врска со заштита на законитост, која подносителите ја доставиле во почетокот на октомври 2019 година до: Врховен суд на РСМ, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Државно Правобранителство на РСМ - Државен правобранител и Народен правобранител на РСМ, а по која од некои од наведените државни органи добиле писмени одговори,

од кои можело да се констатира дека воопшто не навлегле во согледување на нивните наведени аргументи, меѓу другото и со пишани документи за истото, а некои од споменатите државни органи, до денот на поднесувањето на пријавата до ДКСК, немале доставени никаков одговор по нивната претставка. Според подносителите тоа претставувало кршење на Законот за постапување по претставки и предлози и тие се незадоволни од однесувањето и молчењето на наведените државни органи до кои претходно ја доставиле Претставката, а посебно од молкот на Судскиот совет, кој дури ни по Ургенција немал доставено одговор, а од ДКСК бараат да постапи и да преземе соодветни постапки согласно своите надлежности.

Пријавата која до ДКСК е доставена како претставка во врска со заштита на законитост насловена е и до повеќе институции во РСМ и тоа до: Претседателот на Владата на РСМ, Заменик Претседателот на Владата на РСМ за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси и министерот за правда.

При разгледувањето на предметната пријава - известување, ДКСК констатира дека од наводите не произлегув дека е загрозен јавниот интерес од страна на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, во предметниот случај постапувале судски органи а пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и нема да преземе дејствија за натамошно постапување по предметот, предметната пријава да се отфрли, а предметот да се затвори и да се архивира, а доставената пријава ќе ја достави на надлежно постапување на Судскиот Совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TE KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива и
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk